РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
Бр. 16 – 116/3
15.01. 20 20 год.
ГЕВГЕЛИЈА

О П Ш Т И Н А   Г Е В Г Е Л И Ј А
Г Р А Д О Н А Ч А Л Н И К

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

за работата на овластениот градежен инспектор
во 2020 година

Изработил,
Овластен градежен инспектор
Лидија Картова д.и.а.

Гевгелија, декември 2019 год.

# В О В Е Д - ЗАКОНСКА РАМКА

Овластениот градежен инспектор, во текот на своето работење, врши инспекциски надзор над примената на Законот за градење и прописите донесени врз основа на овој закон. Тоа подразбира вршење инспекциски надзор над градби од локално значење, во Законот за градење дефинирани како градби од втора категорија, за кои одобрение за градење издава градоначалникот. Освен инспекциски надзор во текот на изградбата, овластениот градежен инспектор врши надзор и на објект кога во него се врши адаптација, пренамена и реконструкција на конструктивните елементи во поглед на нивната механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита. При инспекцискиот надзор се врши проверка на сите субјекти што учествуваат во изградбата на објектите: инвеститор, изведувач на работите, надзорен инженер и др.

Инспекцискиот надзор што го врши овластениот градежен инспектор опфаќа теренско и канцелариско работење, при што може да се поведат инспекциски постапки согласно констатираната состојба од увиди на лице место т.е. да се дадат наредби за прекин или за отстранување на градба, отстранување на неправилности и оштетувања на градбата и друго.

Основ за поведување на инспекциска постапка е бесправната градба, односно градба која се гради без одобрение за градење и градба која се гради спротивно на одобрението за градење и одобрениот основен проект.

Канцелариското работење ја опфаќа контролата на управните акти (одобренија за градење) издадени врз основа на Законот за градење од надлежното одделение на општина Гевгелија.

Во текот на работењето, овластениот градежен инспектор, освен материјалниот закон, Законот за градење („Сл. весник на РМ.. бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 132/16), ги применува:

- Законот за инспекциски надзор („Сл. весник на РСМ„ бр. 102/19),
- Законот за општа управна постапка („Сл. весник на РМ„ бр. 124/15);
- Законот за постапување по претставки и предлози („Сл. весник на РМ„ бр. 82/08, 56/09);
- а може да користи и други закони и подзаконски акти во зависност од постапката.

## 1. ЦЕЛИ И НАЧЕЛА НА ДЕЛУВАЊЕ НА ОВЛАСТЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР

- Овластениот градежен инспектор врши доследна примена на законите и подзаконските акти од областа на градежништвото, т.е. обезбедува еднаква, законита, непристрасна и објективна примена на законите и други прописи;
- Навремено, економично и ефикасно остварување на правата и интересите на граѓаните и другите учесници во инспекциската постапка во решавањето на инспекциските работи;
- Постапување во пропишаните рокови при водење на инспекциските постапки;
- Инспекторот е самостоен во одлучувањето за дејствијата кои треба да се превземат при вршење на надзорот, како и за мерките кои ќе бидат изречени по извршениот надзор;
- Навремено вклучување на заинтересираните странки во постапката заради заштита на нивните права и интереси;
- Обезбедување на докази по службена должност заради водење на управната постапка;
- При определување на испекциските мерки и рокот за отстранување на утврдените недостатоци, инспекторот се води од тежината на недостатокот, штетните последици предизвикани кон јавниот интерес или интересот на трети лица, како и времето кое е потребно субјектот на надзорот да ги отстрани утврдените недостатоци;
- При вршење на инспекцискиот надзор инспекторот првенствено врши превентивна функција, согласно законските одредби врши едукација на субјектите на надзорот, а изрекува инспекциски мерки и санкции тогаш кога со превентивна функција не може да се обезбеди целта на надзорот.

## 2. РАБОТНИ АКТИВНОСТИ НА ОВЛАСТЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР

А) Теренска работа - опфаќа редовна теренска обиколка во градот и сите населени места во општината, за континуирано следење на состојбата со изградбата на објектите (новозапочнати и објекти чија изградба е во тек).

Инспекцискиот надзор со увид на лице место овластениот градежен инспектор го врши како:

- редовен
- контролен
- вонреден

Редовен надзор се врши врз основа на програмата за работа на инспекциската служба, за остварување на целите на надзорот.